Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 9-та седница одржано на 25.02.2019 година, поради измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со важност од 08.01.2019 година, а во врска со роковите и редоследот на изрекување мерки при имплементација на членот 23 од Законот, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. За прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти донесени врз основа на истите, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давател на аудиовизуелни услуги по барање или оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кој врши реемитување на програмски сервиси, Советот на Агенцијата ќе ги преземе следните мерки:

- јавна опомена, доколку мерката се изрекува за прв пат во текот на 2019 година,

- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавна опомена во 2019 година не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат.

2. За констатираните прекршувања во 2019 година, за кои веќе биле изречени мерки во 2018 година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерки јавна опомена според роковите утврдени во Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата бр.01-6039/1 од 20.10.2015г.

3. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата
   - Одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата

**Бр.** 02-997/11

25.02 **2019 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**